# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН НА ЕСЕ

# 2017 - 2020

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ**

## СОДРЖИНА


ЗА НАС

ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ГРАЃАНИТЕ

СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

КАКО ЌЕ НАПРАВИМЕ ПРОМЕНА И КАКО ГО ДЕФИНИРАМЕ УСПЕХОТ




# ЗА НАС

## МИСИЈА

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

## ВИЗИЈА

Движечката сила на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ е неговата посветеност на решавање проблеми. Преку нашата работа на промоција и унапредување на човековите права, ние всушност ја подобруваме социјалната и економската правда, имајќи предвид дека човековите права претставуваат исклучително корисна збирка на стандарди што треба да ги уживаат сите луѓе. Посебен фокус на нашата работа се промоцијата и унапредувањето на здравствените права и правата на жените. Оттука, нашите две главни цели се однесуваат на: решавање на итните потреби на граѓаните, посебно на потребите на ранливите групи граѓани; и извршување влијание врз јавните политики за постигнување одржливи и долгорочни промени. Нашата работа вклучува многу повеќе од документирање, поднесување извештаи и јавна осуда на неправдите во општеството. Ние обезбедуваме правна и параправна помош, со што им овозможуваме на граѓаните да ги остваруваат своите права и да ги променат своите животни услови. Освен тоа, ние се застапуваме за промени на законодавството и на политиките кои влијаат врз остварувањето на здравствените права и правата на жените. Нашето застапување се одвива на национално и на меѓународно ниво. Конкретно, ние изготвуваме и поднесуваме „извештаи од сенка“ и други документи до надлежните меѓународни тела за степенот на спроведување на меѓународните договори за човекови права.

# ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ГРАЃАНИТЕ

Внимателно ги анализиравме сите релевантни меѓународни, национални и наши сопствени извори на податоци за проблемите со кои работиме за да го обликуваме Стратегискиот план на ЕСЕ за 2017-2020. При обликувањето на планот се консултиравме и го вклучивме мислењето на нашите партнери, соработници, донатори, членови на Извршниот одбор и вработените во ЕСЕ. Анализираните податоци, дополнети со информациите добиени од членовите на ЕСЕ, партнерите, донаторите и соработниците, не информираа за проблемите со кои се соочуваат најранливите и маргинализираните групи на граѓани во поглед на имплементацијата и уживањето на економските и социјалните права. Исто така, ни укажаа и на најитните прашања кои треба да се адресираат во наредните три години, и тоа: отсуство на граѓаснко учество во процесите на планирање, спроведување и евалуација на законската регулатива, буџетите и услугите; нееднаков пристап до правдата и ниско ниво на фискална транспарентност.

## ОТСУСТВО НА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИТЕ И УСЛУГИТЕ

Во континуитет, државата не успева да обезбеди граѓанско учество во процесите за планирање, спроведување и следење на политиките и буџетите за остварување на социјалните и економските права. Имено, не постои легитимен, неселективен и постојан процес за вклучување на граѓаните во работата на централните и локалните власти.  Притоа, осумнаесет години по ратификацијата на Европската повелба за локална самоуправа и единаесет години по воспоставувањето независни и автономни единици на локална самоуправа, граѓаните на Република Македонија и понатаму се третираат само како избирачко тело, но не и како активни придонесувачи вклучени во процесите за буџетирање и креирање политики, односно во донесувањето одлуки кои се спроведуваат на национално и на локално ниво, иако постојат законски можности за нивно вклучување. Граѓаните не се доволно запознаени со составот, организацијата и работата на извршната и на законодавната власт, како и со јавната администрација. Тие не се запознаени со процесите за креирање национални политики и буџети и со механизмите за надзор, и не знаат дека имаат право да учествуваат во овие процеси. Како резултат на тоа, граѓаните не се вклучени во процесите за донесување одлуки што се релевантни за нив, ниту пак се вклучени во процесите за следење на нивното спроведување. Дел од причините зад ваквата ситуација се однесуваат на нивната недоверба во јавните институции на национално и на локално ниво. Покрај тоа, бројот на граѓански организации кои работат на методологии за барање отчетност од владата е недоволен, а тоа посебно се однесува на граѓански организации кои работат на локално ниво. Дополнително, властите се нетранспарентни во процесите за

планирање и спроведување на релевантните политики и буџети. Тие немаат механизми за надзор и контрола на спроведувањето на различни политики што се финансираат преку државниот буџет. Поради погоре елаборираната ситуација, граѓаните не бараат отчетност од владата.

Како резултат на таквата ситуација, државниот буџет што се распределува за остварување на социјалните и економските права е непрогресивен, неразвоен, не ги задоволува принципите за недискриминација и еднаков пристап до услуги за различни групи граѓани, и во голема мера зависи од странска помош. Распределбата на буџетски средства за различни сектори не се прави преку процес што се води според приоритети, туку се базира на претходно развиени формули за пресметки. Оттука, политиките кои се однесуваат на остварување на овие права не се темелат на приоритетите и на потребите, и не обезбедуваат соодветни решенија за потребите на граѓаните. Отсуството на механизми за надзор и контрола води кон ситуација во која усвоените политики и буџети не стигнуваат до граѓаните онака како што се предвидени. Ваквата практика има посебно негативно влијание врз остварувањето на социјалните и економските права кај ранливите групи од населението, вклучувајќи ги и ромското население, жените, мајките и децата, и други групи. Поради отсуство на барање отчетност од страна на граѓаните, во последните години владата продолжи со ваквите негативни практики.

Во последните осум години, преку својата работа на социјална отчетност и правно зајакнување ЕСЕ собра голем број докази за тоа како претходно елаборираната ситуација во земјата директно влијаела на остварувањето на социјалните и економските права, со акцент на правото на здравје, правото на социјална заштита и правото на вработување.

Преку нашата работа во полето на правото на здравје забележавме дека Министерството за здравство континуирано потфрла во однос на соодветно спроведување на политиките за подобрување на здравствениот статус на Ромите, подобрување на репродуктивното здравје на жените, и подобрување на здравјето на мајките и децата (вклучувајќи ги и Националниот акционен план за здравјето на Ромите и националните програми за превентивна здравствена заштита, односно Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти и Програмата за рано откривање на малигни болести - скрининг за рак на грлото на матката и рак на дојката). Ова се должи на неуспехот да се распределат доволно ресурси, па дури и на потфрлањето во трошењето на средствата за спроведување на овие политики. Таквиот неуспех најдобро се огледа во фактот дека буџетот за превентивна здравствена заштита претставува незначителен дел од државниот буџет, но и од буџетот на Министерството за здравство. Имено, во периодот 2011-2015 година, годишниот буџет за превентивна здравствена заштита во просек изнесуваше само 0,003% од државниот буџет и само

10,6% од буџетот на Министерството за здравство. Неуспехот на Министерството за здравство да го искористи распределениот буџет може да се види во фактот дека во периодот 2011-2015 година, на годишно ниво и во просек, 26% од финансиските средства распределени за Програмата за здравствена заштита на мајките и децата останувааа непотрошени.

Освен тоа, здравствениот сектор одговорен за спроведување на овие политики се соочува со недоволно човечки и технички капацитети, што најдобро се огледа во недоволниот број гинеколози во примарната здравствена заштита, недоволниот број патронажни сестри, недоволниот број педијатри во примарната здравствена заштита и недоволниот број тимови за превентивна здравствена заштита на децата. Дополнително, Министерството за здравство нема никакви механизми за следење на спроведувањето на овие програми и се потпира само на извештаите што ги поднесуваат институциите одговорни за нивното спроведување.

Ваквата ситуација доведува до несоодветен опфат на ранливите групи со овие политики. Тоа го потврдуваат и наодите од работата на ЕСЕ што се елаборирани подолу. Во последната деценија, Националниот акционен план за здравјето на Ромите не се спроведуваше во целост. Активностите од овој план и соодветните буџетски средства наменети за подобрување на здравјето на мајките и децата од ромското население коишто Министерството за здравство ги усвои во 2011 година постојано се намалуваа и беа целосно отстранети од Програмата за здравствена заштита на мајките и децата во 2015 година. Како резултат на тоа, Ромите не се доволно покриени со превентивни здравствени услуги за унапредување на здравјето на мајките и децата, вклучително и со активности за здравствено образование, посети од патронажни сестри и од ромски здравствени медијатори. Освен недоволната покриеност со здравствени услуги, Ромите се соочуваат и со други бариери во пристапот до здравствена заштита кои се многу поголеми од бариерите со кои се соочува останатото население, вклучително и дискриминација во здравствените установи, финансиски бариери и повреда на правата на пациентите. Освен тоа, поради нивниот статус како една од најмаргинализираните и најранливите групи во општеството, учеството на Ромите во процесите за донесување одлуки е на многу пониско ниво за разлика од останатото население. Во партнерство со ромски граѓански организации, ЕСЕ работеше на зајакнување на ромските заедници за тие да можат активно да бараат целосна реализација на нивното право на здравје за конкретни прашања, вклучително и за репродуктивното здравје на жените, здравјето на мајките и децата, и правата на пациентите. Сепак, потребно е проширување на опфатот на ваквата работа. Во последните пет години, Програмата за рано откривање на малигни болести – скрининг за рак на грлото на матката не беше доволно финансирана и не се планираше според потребите, што резултираше со покриеност од само 20% меѓу жените од оваа целна група со активностите од програмата во 2016 година.

Несоодветното планирање и спроведување на политиките за превентивна здравствена заштита негативно влијае врз здравствените исходи, посебно меѓу ранливото население. Имено, во Македонија стапката на смртност од рак на грлото на матката не се намалила во последната деценија и покрај постоењето на Програмата за рано откривање на малигни болести. Ситуацијата е уште полоша во однос на здравствените исходи кај мајките и децата. Тоа станува јасно преку зголемената стапка на доенечка смртност во периодот по 2011 година кога стапката изнесуваше 7,6%,[1] а во 2016 година се искачи на 11,9%, што е повеќе од два пати повисока стапка споредено со стапката на доенечка смртност во државите-членки на ЕУ. Ситуацијата е уште посериозна меѓу ромското население, каде во 2013 година стапката на доенечка смртност меѓу ова население изнесуваше 17,37%. И покрај трендот на значително зголемување на доенечката смртност во последните пет години, владата не преземала никакви значителни заложби за да ги утврди основните причини за ваквата ситуација и не преземала системски мерки за подобрување на состојбата. Треба да се забележи дека стапката на доенечка смртност е важен показател за здравјето на целото население и ги одразува структурните фактори што влијаат врз здравјето на целото население.

Во однос на правото на социјална заштита, ЕСЕ ги елаборираше пречките за остварување на правото на социјална заштита за лица и семејства кои обезбедуваат домашна нега за сериозно болни членови на семејството кои не можат да се грижат за себе. Ова прашање е тесно поврзано со обете сфери на заштита: социјална и здравствена заштита. И во оваа област постојат негативни практики, вклучително и невклучување на граѓаните во процесите за донесување одлуки, како и во владините процеси за планирање на политики и буџети кои, пак, не се базираат на потребите и приоритетите. Тоа се гледа во недоволните капацитети на јавните здравствени и социјални институции за сместување и грижа за овие лица, што претставува проблем кој се провлекува со децении. Имено, јавните институции располагаат со околу 390 кревети за сместување на овие лица, додека во приватниот сектор има околу 550 кревети и нивната бројка постојано се зголемува. Голем дел од населението не може финансиски да си дозволи сместување во вакви институции, поради што сиромашните и најранливите лица мораат да се грижат за овие лица во нивните домови. Освен тоа, државата не обезбедува услуги кои се однесуваат на помош во грижата за болните лица во нивните домови. Другите проблеми се однесуваат на износот на социјална помош што државата го доделува за грижа за овие лица. Месечниот износ на социјалната помош е прилично низок (околу 4.000 денари) и е доволен само за покривање на трошоците за набавка на основните медицински материјали и лекови за лицата на кои им треба нега, но не ги покрива трошоците поврзани со дадената нега. Податоците што ги собра ЕСЕ покажуваат дека главните даватели на нега најчесто се жените во домаќинствата и тие во просек поминуваат 25% од нивното време во давање нега. Давањето нега сериозно ја попречува нивната можност за платена работа

[1] Стапката на доенечка смртност се пресметува како број на смртни случаи на 1.000 живородени деца.

и влијае врз други аспекти од нивниот живот, вклучително и врз социјалниот живот, користењето медиуми, итн. Владата не располага со релевантни податоци за обемот и товарот на неплатената работа за давање нега врз семејствата и врз примарните даватели на ваква нега. Оттука може да се заклучи дека државата не планира политики за унапредување на родовата еднаквост и нема воспоставено механизми за родово буџетирање.

Во однос на правото на вработување, ситуацијата е иста како и во другите јавни сектори. Културата за учество во процесите за креирање политики е многу ниска или воопшто не постои, а поради недоволните знаења и вештини локалните заедници, а посебно жените, не се во можност да ја исполнат својата улога и да го кренат гласот како граѓани. Граѓаните се соочуваат со целосна незаинтересираност и пасивност од страна на локалните и националните институции. Невработеноста претставува една од најголемите грижи на ниво на локални заедници, но и на ниво на државата. Неможноста за остварување на едно од основните човекови права, односно правото на работа, доведе до влошување на животниот стандард и, следствено на тоа, до неможност за остварување на другите основни човекови права. Јавните политики за вработување не ја отсликуваат родовата перспектива, што се должи на отсуството на донесување родово-осетливи политики. Главните карактеристики на јавниот систем за вработување во Република Македонија вклучуваат прекршувања на правото на вработување, нееднаквост меѓу мажите и жените во однос на пристап до пазарот на трудот, недостиг на родово-осетливи политики, недостиг на политики кои ги одразуваат реалните проблеми на граѓаните во Република Македонија, неефикасно искористување на буџетските средства и неефикасно планирање на политиките и мерките за вработување.

Јавните институции кои се одговорни за планирање и спроведување на политиките и мерките за вработување во Република Македонија се карактеризираат со високо ниво на затвореност и нетранспарентно работење. Поради нетранспарентноста на јавните институции и на процесите за планирање и спроведување на политиките и мерките за вработување, тековните политики и мерки за вработување не ги одразуваат реалните проблеми и интереси на граѓаните, посебно потребите и интересите на жените. Дополнително, не постои култура на активно граѓанство (што значи граѓаните да бидат активни и да учествуваат во процесите за донесување одлуки, од почетокот до крајот), што пак е резултат на нефункционалноста на механизмите за граѓанско учество во процесите за донесување одлуки и отсуството на практики за мобилизирање и зајакнување на поголем број граѓани кои понатаму самостојно би се вклучиле во јавните процеси.

Прелиминарните резултати од анализата на податоците добиени од Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) преку инструментот за слободен пристап до информации од јавен карактер го покажуваат следново: АВРМ и другите

јавни институции кои учествуваат во спроведување на политиките и афирмативните мерки за вработување немаат детални записи за обемот на мерките и за начинот на кој се трошат буџетските средства; мерките за вработување зависат од странски донатори и кредитори (УНДП, ЕУ и Светска банка); УНДП ги донесува повеќето одлуки за начинот на кој се спроведуваат афирмативните мерки, додека домашните институции имаат улога на посредник; при спроведувањето на афирмативни мерки за вработување АВРМ главно ги пренасочува средствата од државниот буџет во буџетот на УНДП; не постојат записи за начинот на кој финансиските средства потоа се трошат и овие податоци не се јавно достапни, итн.

## НЕЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

Неуспехот на државата да овозможи прогресивно остварување на социјалните и економските права е тесно поврзан со неуспехот да промовира и да воспостави ефективен пристап до правда за маргинализираните и ранливите групи во нашето општество. Кога позицијата на најранливите групи во општеството останува непроменета и кога тие сѐ уште се соочуваат со значителни бариери во пристапот до правосудниот систем, не може да се зборува за ефективно остварување на социјалните и економските права.

На глобално ниво, податоците покажуваат дека 4 милијарди луѓе во светот живеат надвор од заштитата што ја овозможува правото, главно бидејќи се сиромашни или маргинализирани.[2] Постојат голем број недостатоци што треба да се исправат, и на страната на понудата (обезбедувачи на услуги) и на страната на побарувачката (корисници на услугите). Некои од овие недостатоци се добро познати и вклучуваат: географија, социјални односи во местото, трошоци, недоволна испорака на услуги и дигитален јаз.

Нашата држава не е исклучок. Република Македонија се класифицира како држава со високо средни приходи. Според податоците на Државниот завод за статистика (од Анкетата за приходи и животни услови), во 2015 година стапката на сиромаштија била 21,5%. Ограничениот пристап до правда за сиромашните, Ромите и другите маргинализирани групи наметна воспоставување различни неформални модалитети за обезбедување правна помош. Во моментов постојат три модалитети за обезбедување бесплатна правна помош и услуги во Македонија кои ги спроведуваат граѓански организации (претходна правна помош, параправници базирани во заедницата, и адвокатско застапување за маргинализираните). Едно неодамнешно национално истражување во Македонија ги истражуваше искуствата на испитаниците

[2] Статистички податоци цитирани на настанот „Искористување на целите за одржлив развој за инклузивен раст: овозможување пристап до правда за сите", организиран од Организацијата за економски развој и соработка и Фондациите Отворено општество, во септември 2016 год.

во однос на правните проблеми со кои тие се соочиле во последните три години (Србијанко и други, 2013 год.). Студијата ја разгледува природата на ваквите проблеми, што испитаниците се обиделе да направат за да ги решат, и кои се резултатите од преземените дејства. Притоа, резултатите од анкетното истражување откриваат дека речиси половина (49%) од испитаниците се соочиле со најмалку еден правен проблем во последните три години и дека повеќето од оние кои пријавиле проблеми се соочиле со повеќе од еден проблем во наведениот период. Две третини од оние кои пријавиле проблеми изјавиле дека преземале чекори за нивно решавање. Една третина од нив побарале правен совет за решавање на проблемот. Две третини од испитаниците кои побарале совет морале да платат за него. Понатаму, една петина од оние кои имале проблем не направиле ништо во врска со него бидејќи немале пари за тоа. Веројатноста дека ќе преземат нешто во врска со нивните проблеми е најмала кај сиромашните, младите, невработените и кај Албанците. Повеќе од половина од оние кои не преземале никакво дејство за решавање на проблемот како причина за тоа навеле недоверба дека е достапна помош. Помалку од 10% од оние кои се соочиле со проблеми биле вклучени во некаква судска постапка поврзана со проблемот.

Последните развојни моменти на меѓународно ниво ја нагласуваат врската меѓу пристапот до правда, остварувањето на човековите права и развојот. Имено, Целите за одржлив развој на ОН донесени во 2016 година воведоа посебна развојна цел бр.16: мир, правда и силни институции, и поврзаната цел бр.16.3: промоција на владеењето на правото на национално и на меѓународно ниво и обезбедување еднаков пристап до правда за сите.

Препознавајќи ја важноста на промоцијата на пристапот до правда, во последните години ЕСЕ презема конкретни заложби за зголемување на пристапот до правда за различни ранливи групи. Ваквите заложби овозможија собирање доволно податоци кои послужија како основа за планирање на активностите и очекуваните резултати во рамки на приоритетот: „Обезбедување еднаков пристап до правда во областа на социјални и економски права". Имено, во изминатиот период ЕСЕ го промовираше концептот за параправна помош и поддршка за ранливите групи, направи иницијални заложби за промоција на целта бр.16.3. во земјата, и презема конкретни акции за подобрување на нивото на правна заштита за жени и деца кои се жртви на насилство, и покрена судски постапки за случаи поврзани со насилство врз жените.

Поради дискриминацијата и маргинализираната позиција на Ромите при остварување на правото на здравје воспоставени се програми за параправна помош и поддршка и истите ги спроведуваат локални ромски организации. Имено, Ромите се соочуваат со дискриминација и несоодветен третман во здравствените установи, прекршувања на нивните права како пациенти, како и недоволно здравствени услуги. Поради нивната неповолна социо-економска положба, Ромите имаат поограничен пристап до здравствена заштита. Оттука, преку приодот за правно зајакнување ЕСЕ поддржа

воспоставување програми за параправна помош и поддршка во три ромски организации кои работат со нивните заедници на локално ниво. Програмите за параправна помош примарно обезбедуваат поддршка за остварување на правата од здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на правата на пациентите, но со оглед на влијанието на други детерминанти врз пристапот до здравствени услуги многу брзо потоа тие го проширија опсегот на нивната работа преку обезбедување помош и поддршка и во областите на социјална заштита, образование, работнички права, недискриминација, итн. На пример, дел од проблемите коишто параправниците ги решаваа во областа на здравството вклучуваат: немање здравствено осигурување, несоодветен третман од страна на здравствени работници, незаконска наплата за здравствени услуги, недостиг на ортопедски помагала, нерефундирање на трошоците за здравствени услуги, плаќање партиципација за здравствени услуги, прекршувања на правата на пациентите, ограничен пристап до лекови од позитивната листа, итн. Главните проблеми со кои се соочуваат Ромите во областа на социјалната заштита се поврзани со укинување на правото на социјална помош, како што е правото на парична социјална помош, постојана парична помош и правото на помош за туѓа нега. На годишно ниво, параправниците обезбедиле помош и поддршка за повеќе од 700 членови на заедницата за надминување на горенаведените проблеми. Воспоставувањето на овој концепт беше оправдано со фактот дека, со поддршка од нашата организација, други граѓански организации ја применуваат истата методологија во нивната работа со други ранливи групи, како што се текстилните работнички, сексуалните работници/чки, итн.

Во однос на Целите за одржлив развој на ОН, поточно целта бр.16.3: промоција на владеењето на правото на национално и на меѓународно ниво и обезбедување еднаков пристап до правда на сите, ЕСЕ направи прелиминарна оценка на ситуацијата во однос на спроведувањето на оваа развојна цел во нашата земја и ги идентификуваше следниве проблеми: недоволно информации и знаења за оваа развојна цел меѓу јавните институции, граѓанските организации и правосудниот систем; не постојат и не се планирани системски реформи или механизми за следење на спроведувањето на оваа развојна цел; недостиг на официјални податоци за пристапот до правда за различни ранливи категории граѓани; Државниот завод за статистика не собира доволно податоци за спроведувањето на целите за одржлив развој. Оттука, потребна е мобилизација на сите релевантни засегнати страни и развивање план за вградување на оваа развојна цел во нашиот систем.

Во однос на правната заштита за жени кои се жртви на насилство, ЕСЕ собра солидни информации преку проектот за правна заштита на жените, финансиран од УСАИД. Во рамки на оваа иницијатива, ЕСЕ направи мониторинг на судски постапки кои се однесуваат на насилство врз жените,[3] подготви сеопфатна анализа на правната рамка

[3] Наоди од мониторингот на судски постапки поврзани со насилство врз жените, 2017 год., Здружение ЕСЕ

и институционалната реакција на насилството врз жените,[4] и обезбеди бесплатна правна помош и психолошко советување. Мониторингот на судски постапки опфати 780 рочишта, од кои 744 се однесуваа на семејно насилство и 36 се однесуваа на трговија со луѓе. 74,7% или 556 од вкупно 744 рочишта во случаи за семејно насилство се одржаа во рамки на кривична постапка, додека 25,3% или 188 рочишта се одржаа во рамки на граѓанска постапка за изрекување мерки за привремена заштита. Главните наоди од следењето на судските постапки ги нагласуваат недостатоците во системот за судска заштита во случаи кои се однесуваат на насилство врз жените: недоволна правна заштита на жените кои се жртви на насилство; отсуство на осетливост и образование меѓу судиите за природата на насилството врз жените; недостиг на државни средства за обесштетување на жртвите на насилство; непостоење посебен регистар за случаи на семејно насилство во судовите; одложување на судските постапки; ниско ниво на поведување граѓански постапки за заштита од семејно насилство и попустлива казнена политика за сторителите. На пример, судовите донеле седум пресуди за кривичното дело „тешка телесна повреда",од кои во пет случаи на сторителите им била изречена условна казна, во еден случај била изречена ослободителна пресуда, и само на еден сторител му е изречена казна затвор. Мониторингот на судските постапки утврди друг проблем кој се однесува на ревиктимизација на жените кои биле жртви на семејно насилство. Во таа насока, податоците од извештајот од мониторингот на судски постапки покажуваат голем број различни аспекти што придонесуваат кон ревиктимизација на жените, на пример: од жртвите се бара да ја повторат изјавата на главните судски рочишта, наместо да се прочита изјавата што ја дале во текот на истражната постапка; давање изјава во присуство на сторителот; или непреземање конкретни дејства за заштита на жртвите како сведоци, итн.

## НИСКО НИВО НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во однос на фискалната транспарентност, јавните институции во Република Македонија редовно добиваат несоодветни оценки од граѓанскиот сектор и релевантните меѓународни организации и институции. Имено, Извештајот за фискалната транспарентност што го подготвува Стејт Департментот на САД, Извештајот за напредокот на Република Македонија што го подготвува Европската комисија, Индексот за отворен буџет на Меѓународното партнерство за буџети, и многу други релевантни извори, ја потврдуваат ваквата оценка.

[4] Анализа на правната рамка и институционалните постапки во случаи поврзани со насилство врз жените, 2017 год., Здружение ЕСЕ

Според делот за Македонија од Извештајот за фискалната транспарентност на Стејт Департментот, објавен од Амбасадата на САД,[5] земјата ги исполнува минималните барања за буџетска транспарентност. Буџетот на Република Македонија, вклучително и податоците за јавниот долг, се јавно достапни и јасно ги презентираат планирани трошоци, по категорија и по институција. Сепак, според завршните буџетски сметки, реализираните приходи и расходи во годината не соодветствуваат со она што било планирано во усвоениот буџет. Независниот Државен завод за ревизија редовно ги објавува наодите од своите ревизии, при што извештаите од ревизијата постојано упатуваат на недоследности во работата на јавните институции и даваат препораки за надминување на идентификуваните нерегуларности. Извештаите на Државниот завод за ревизија редовно се разгледуваат во Собранието на Република Македонија, но и покрај тоа не се преземаат никакви мерки за нивно спроведување. Од друга страна, независниот државен ревизор нема институционална моќ и овластувања за да покрене правна акција против јавните институции кои не работат во согласност со законот. Тоа, заедно со критиките за начинот на кој се спроведуваат јавните набавки, се клучните фактори кои ја ставаат Република Македонија во категоријата на земји кои ги исполнуваат минималните барања за фискална транспарентност.

Извештаите за напредокот што ги подготвува Европската комисија редовно вклучуваат негативни оценки и препораки за итно подобрување на буџетската транспарентност во земјата. На пример, Извештајот за напредокот во 2016 година наведува дека Македонија не ги исполнува барањата за буџетска транспарентност бидејќи „нема достапни јасни, концизни, навремени и прецизни буџетски и статистички информации“, и „не постои соодветен јавен и парламентарен надзор, што покренува загриженост за транспарентноста на буџетскиот процес“.[6]
Во Македонија не постојат ефикасни и ефективни механизми за следење на извршувањето на буџетот и за оценка на ефикасноста и ефективноста на владините политики. Дополнително, системот на јавни набавки и начинот на кој тие се спроведуваат мора да се зајакнат за да се обезбеди транспарентност, ефикасност и ефективност, и да се решат наводите за корупција и за прекршување на принципот за еднаков пристап до и еднаков третман на учесниците во јавните набавки.

Од 2011 година наваму ЕСЕ работи на овие прашања преку следење и оценување на реактивната и проактивната транспарентност на буџетскиот циклус во јавните институции (планирање, спроведување и известување), при што податоците јасно го покажуваат трендот во работењето на институциите и овозможуваат јасно и прецизно

---

[5] Амбасада на САД во Македонија, (2017 год.). *Македонија, Оценка на фискалната транспарентност во 2017 година* Последен пат пристапено на 17 декември 2017 год. Достапно на: https://mk.usembassy.gov/wp-content/uploads/sites/249/Macedonia-2017-Fiscal-Transparency-Report.pdf

[6] Европска комисија (9 ноември 2016 год.). Извештај за напредокот на Република Македонија за 2016 година. Брисел, Белгија.

идентификување на областите каде е потребно застапување за да се подобри фискалната транспарентност и отчетност на национално и на локално ниво.

Според наодите од извештајот за проактивна транспарентност на институциите опфатени со мониторингот на ЕСЕ во 2016 година[7] „сите институции покажуваат надолен тренд во однос на нивото на проактивна транспарентност споредено со претходната година“. Следењето и известувањето за нивото на проактивна транспарентност на институциите има за цел да поттикне учество на граѓаните и граѓанскиот сектор во работата на владата и на јавните институции, и преку тоа да се зголеми нивната транспарентност и отчетност. Нивото на проактивна транспарентност е индиректен показател за корупција во институциите. Поголема отвореност и подготвеност од страна на институциите да објавуваат податоци ќе ја зајакне довербата на граѓаните во нивната работа и тие ќе бидат охрабрени да учествуваат во процесите за креирање политики и донесување одлуки, со што ќе придонесат во изградбата на здраво и силно демократско општество. Сепак, институциите во Република Македонија покажуваат ниско ниво на свест за проактивна транспарентност. Наодите од мониторингот на ЕСЕ покажуваат дека во 2016 година институциите објавиле само 15% од вкупниот број документи кои беа предмет на мониторинг. Во исто време, веб-страниците на институциите не нудат доволно информации за нивното програмско и буџетско работење. Во однос на реактивната транспарентност, извештајот од мониторингот на ЕСЕ за 2016 година[8] покажува дека „институциите обезбедуваат повеќе информации по поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер, наместо самоиницијативно да ги направат овие информации достапни за јавноста“. Институциите само делумно го почитуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и покажуваат делумна транспарентност во нивното работење.
Извештајот на ЕСЕ од мониторингот на јавните набавки во периодот 2011-2015 година покажува дека јавните набавки во јавниот здравствен систем се сива зона во Република Македонија. Дополнително, извештаите покажуваат дека институциите со најголем број постапки за јавни набавки и најголеми расходи за набавка на стоки, услуги и работи воедно се и најмалку отчетни. За 70% од постапките за јавни набавки, јавните здравствени институции не објавиле или објавиле само мал дел од клучните информации.

[7] Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ. (2017). Проактивна транспарентност 2016, Скопје, Република Македонија. Достапно на: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2017/Proaktivna%20transparentnost%202016.pdf.
[8] Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ. (2017). Реактивна транспарентност 2016. Скопје, Република Македонија. Достапно на: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2017/Reaktivna%20transparentnost%202016.pdf.

Фискалната транспарентност е на дното на списокот на владини приоритети. Дополнително, владата не покажува доволно волја и капацитет за спроведување и решавање на барањата и обврските за подобрување на нивото на транспарентност. Исто така, постојат голем број бариери што ги спречуваат граѓаните да ја следат работата на институциите. Граѓаните се соочуваат и со проблеми поврзани со остварувањето на нивното основно право за пристап до информации, недоволно знаење за нивното право на пристап до информации, и недоволно знаење за да ги разберат информациите кои јавните институции ги презентираат во нивните документите, недоверба во системот и во институциите, и недоволна волја за ангажирање во долгите бирократски процеси за пристап до јавни информации, што во крајна линија не го гарантира нивното основно право на пристап до јавни информации.



# СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ



# СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

**Во текот на периодот 2017-2020 ќе работиме на:**

1) **Вклучување на граѓаните во процесите на планирање, спроведување и оценување на законската регулатива, буџети и услуги во областите на социјални и економски права**
2) **Обезбедување на еднаков пристапот до правда во областите на социјални и економски права**
3) **Унапредување на фискалната транспарентност на институциите од областа на социјални и економски права**

Овие три стратегиски приоритети ги одразуваат нашите верувања дека социјалните и економските права треба да бидат највисок приоритет на државата и дека нивното спроведување треба да се темели на интересите и потребите на граѓаните, според принципот за распределба на максимални расположливи ресурси, прогресивно остварување на правата и недискриминација.

## СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТ 1:
## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗАКОНСКИТЕ РЕГУЛАТИВИ, БУЏЕТИТЕ И УСЛУГИТЕ

ЕСЕ ќе работи на зајакнување на капацитетите на локални и национални граѓански организации за спроведување на методологиите за социјална отчетност и правно зајакнување, вклучително и на ромските организации, организациите кои работат во областа на здравството, организациите кои работат на родова еднаквост и вработување и организациите кои работат со различни маргинализирани групи. Преку ваквата работа граѓанските организации ќе бидат во можност да ги зајакнуваат и мобилизираат заедниците со кои работат во насока на зајакнато учество на граѓанските организации и на граѓаните во барањето отчетност од владините институции. Исто така, преку оваа заложба ќе се зајакнат и нивните капацитети за учество во процесите за донесување одлуки и во процесите за мониторинг и евалуација на спроведувањето на релевантни политики и буџети, со фокус на правото на здравје, правото на вработување и правото на социјална заштита. Истовремено, ЕСЕ ќе работи на зајакнување на капацитетите на владата и на јавните институции во здравствениот сектор за тие да го зголемат граѓанското учество во процесите за донесување одлуки и следење на спроведувањето на релевантни политики и буџети.

Внимателно ќе собираме докази за спроведувањето на релевантните политики и буџети, како и за опфатот на директни корисници и влијанието што овие политики треба да го постигнат, вклучително и нивото на пристап до, статусот на и исходите за

корисниците. Конкретно, ќе собираме податоци поврзани со различни социјални и економски права, како што се здравјето на Ромите, репродуктивното здравје на жените и здравјето на мајките и децата, афирмативни мерки и политики за вработување со фокус на жените, неплатена работа за домашна нега и спроведување на политиките и буџетите релевантни за овие прашања.

Ќе бараме отчетност од одговорните институции и подобрување на здравствениот статус и здравствените исходи за ранливите групи од населението, статусот на вработување и статусот на семејствата и поединците кои обезбедуваат домашна нега, а посебно подобрен пристап до социјална и здравствена заштита.

## СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТ 2:
## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

